# ПРОФ. Д-Р МАРИЈА НАКОВА - НОВ ДЕКАН на Стоматолошкиот факултет во Скопје

На 13. седница на Советот на Стоматолошкиот факултет во Скопје, оддржана на 19 јуни 1998 г., а на предлог од Комисијата за изготвување предлог за можен кандидат за КРО, проф. д-р Марија Накова беше едногласно избрана за декан на Стоматолошкиот факултет за мандантниот период 1998-2000 година. На истата седница, за продекани беа избрани, исто така едногласно, проф. д-р Мила Мирчева и проф. д-р Ерол Шабанов (повторен избор).

Проф. д-р Марија Накова, во текот на долг временски период, активно и успешно е инволвирана во севкупната динамика од работата на Факултетот, притоа давајќи посебна нота и придонес, пред сé, во наставната и научноистражувачката дејност. Ако се има предвид фактот дека д-р Накова долг период повеќе од успешно ја остваруваше должноста продекан за настава и шеф на Катедрата за болести на устата и пародонтот, како и претседател на повеќе одбори и комисии во рамките на Наставно-научниот совет на Стоматолошкиот факултет, Македонското лекарско друштво, Стоматолошкото здружение, Специјалистичката секција и Македонски стоматолошки преглед, како долгогодишен заменик и сега негов актуелен главен и одговорен уредник, претставува повеќе од сериозна претпоставката дека, кооперативно со своите најблиски соработници - амбициозните продекани и наставници и соработници, пошироко ќе се стави во функција на натамошно иницирање можни правци на развој, на натамошното лоцирање на лични правци на развој, односно во континуирано трасирање и осветлување нови современи едукативни приоди и значајни остварувања во сите поливалентни сегменти од работата на Стоматолошкиот факултет.

***Проф. д-р Методи Симоновски***

***Проф. д-р Мила Мирчева*** е родена во 1939 г. во Д. Лапац, СР Југославија. Гимназија завршила во 1958 г., а студиите по стоматологија ги завршила во 1964 г. на Стоматолошкиот факулет во Белград. Со звањето специјалист по детска и превентивна стоматологија се здобила во 1972 г. Во 1978 г. хабилитирала на тема: "*Ефектот на администрацијата на тетрациклините во првите години од животот на забите во развој*", а во 1988 г. ја одбранила докторската дисертација под наслов "*Некои патогенетски основи и клинички манифестации на стравот кај децата во стоматолошката практика*". Од 1989 г. е редовен професор на Катедрата за детска и превентивна стоматологија. Од 1990 до 1998 била раководител на Клиниката за детска и превентивна стоматологија. Има објавено 93 стручни и научни публикации во домашни и странски списанија и коавтор е на учебникот "Дјечја и превентивна стоматологија" во уредништво на проф. Рајиќ од Загреб (1985), во издание на ЈУМЕНА. За својата дејност проф. Мирчева е одликувана со "Орден на трудот со златен венец" (1989), "Орден на трудот со сребрен венец"(1989), двете од Претседателството на поранешната СФРЈ, плакета "Д-р Трифун Пановски" (1999) од Македонското лекарско друштво, плакета "30 години Стоматолошки факултет" (1989) од Стоматолошки факултет - Скопје и други признанија.





***Проф. д-р Марија Накова*** е родена во 1946 г. во Радовиш, каде го завршила основното и средното образование. На Медицинскиот факултет-Отсек за стоматологија дипломирала во 1971. Со звањето специјалист по болести на устата и забите се здобила во 1975 г. Во 1976 г. магистрирала на тема "*Прилог кон познавањето на протеините, јаглените хидрати и мастите во плунката и плазмата од пациенти со прогресивна пародонтопатија*". Звањето доктор по стоматолошки науки го добила во 1980, како прв доктор на науки на Факултетот, со одбрана на докторската теза "*Процена на метаболните промени во гингивалното ткиво од пациенти со прогресивна пародонтопатија преку следење на вградувањето на маркирани аминокиселини и хијалуронидазната активност*". Редовен професор на Катедрата за болести на устата и пародонтот е од 1982 г. Од 1992 до1998 била продекан на Стоматолошкиот факултет. Има објавено 161 стручно-научна статија и учесник е во изработката на три научни проекта. Била уредник и автор на повеќе поглавја на монографијата "За стоматолошката болка" (1998). Главен и одговорен уредник е на списанието "Македонски стоматолошки преглед". За својата дејност, добитник е на повеќе одликувања и признанија.

***Проф. д-р Ерол Шабанов*** е роден во 1947 г. во Гевгелија. Средно образование завршил во МУЦ "Панче Караѓозов", во 1966 г., а Стоматолошки факултет завршил во 1971 г., во Скопје. Со звањето специјалист по стоматолошка протетика се здобил во 1976 г., а во 1980 г., со одбрана на магистерската теза под наслов "*Промени во пародонтот како резултат на предвремен допир кај заби со коронки*", со звањето магистер по стоматолошки науки. Докторирал на Стоматолошкиот факултет во Скопје во 1983 г., на тема "*Промени во пародонциумот по експериментално предизвикана трауматска оклузија: стереолошка и хистолошка студија на стаорци*". Од 1996 г., до денес, во два мандата, е продекан на Стоматолошкиот факултет, а од 1988 до 1996 бил помошник на директорот на Стоматолошки клинички центар. Проф. Шабанов е автор на 67 статии објавени во домашни и странски списанија. За својата дејност бил повеќепати наградуван, а во 1990 година, добитник е и на плакета на Македонското лекарско друштво.



# НАЗНАЧЕН Е НОВ ДИРЕКТОР на Стоматолошки клинички центар во Скопје ДОЦ. Д-Р ЉУБЕН ГУГУВЧЕВСКИ



Секогаш претставува големо задоволство кога треба на член од колективот, колега и долгогодишен пријател да му се посака добредојде и успех на нова функција, но, наедно, и на тој што заминува да му се заблагодари за досега стореното и да му се посака натамошна плодна работа.

На 28 декември 1998 г., за директор на Стоматолошкиот клинички центар беше назначен д-р Љубен Гугувчевски, доцент на предметот мобилна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет и специјалист во истата област, докажан стручњак и автор на повеќе изданија од областа на стоматолошката протетика.

Доц. д-р Љубен Гугувчевски е роден на 7 мај 1954 год. во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. На Медицинскиот факултет, Отсек за стоматологија, се запишал во учебната 1973/74 год. и дипломирал во 1979 година.

Во работната биографија на доцент Гугувчевски, првото вработување, како млад стоматолог, се бележи веднаш по дипломирањето, во с. Теарце-Тетовско, каде во период од, речиси, две години вршел поливалентна стоматолошка дејност.

Во декември 1980 год. се вработил на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика на Стоматолошкиот факултет во Скопје, каде и денес ја врши професионалната дејност.

Доцент Гугувчевски, уште како студент, активно се ангажирал во студентските организации на Факултетот, бил член на совет на година, делегат на Работничкиот совет на Факултетот од редовите на студентите и активно соработувал во организирањето на меѓународната размена на студентите. Во 1977 год., како член на Комисијата за размена, престојувал на Стоматолошкиот факултет во Љубљана, а во 1978 год., и самиот бил на двомесечен студентски престој во Краков, Полска.

Желба за освојување на истражувачките предизвици доц. д-р Љубен Гугувчевски пројавил уште во студентските денови,па оттука и неговото учество на повеќе студентски конгреси со студентски теми. Уште како клинички лекар, а потоа и како помлад асистент, асистент и доцент, тој е во постојано надградување на своите стручни, едукативни и научноистражувачки искуства. Во комуникацијата со студентите е особено непосреден и на располагање кога им треба совет и упатување во совладувањето на протетичките вештини и знаења.

Во ноември 1985 година се здобил со звањето специјалист по стоматолошка протетика. Во април 1989 год. го одбранил магистерскиот труд под наслов "*Електромиографско испитување на предниот слепоочен и масетеричен мускул кај корисници на тотални протези*"и се здобил со звањето магистер на стоматолошки науки. Продолжувајќи да ја испитува електромиографијата како метод во секојдневната клиничка практика, особено биоелектричните промени во моторните единици на мастикаторните мускули, и тоа пред, за време и по протезирањето, во јануари 1992 год. ја одбранил докторската дисертација под наслов "*Електромиографска процена на физи-олошкото растојание кај корисниците на тотални протези*" и се здобил со звањето доктор на стоматолошки науки.

На полето на издавачката дејност, поради својот творечки дух и незапирливата потреба да се обедава на стоматолошката протетика, но и на сите корисници на пишаниот збор, доцент Гугувчевски бележи неколку остварувања. Во 1993 год., најпрвин ја издаде монографијата **Електромиографски аспекти на физиолошкото мирување и интероклузалното растојание**, а по една година, во 1994, издаде уште една книга, **Тотална протеза: одбрани поглавја**, со што го сврте вниманието на целата стоматолошка јавност кај нас и ја артикулира потребата и должноста на кадрите и на Клиниката за мобилна стоматолошка протетика, за своите студенти и помлади колеги да обезбедат стручна литература на македонски јазик. Така, во 1998 година, доцент Гугувчевски ја издаде и книгата **Оклузија**, која, несомнено, претставува значаен придонес во разјаснувањето на комплексноста на оклузалните проблеми и ја збогатува стручно-научната мисла кај нас.

На крајот, препрочитувајќи го текстот со биографските податоци за мојот уважен колега, доц. д-р Љубен Гугувчевски, ми преостанува да завршам со убедување дека ќе биде успешен директор на нашиот Стоматолошки клинички центар и да му посакам, во името на сите колеги, плодна работа.

***Проф. д-р Елена Петкова***

***IN MEMORIAM***



*Професор Рафајловски добива една од многубројните награди и признанија за неговиот самопрегорен труд*

# ПРОФ. Д-Р РИСТО РАФАЈЛОВСКИ (1933-1997)

Многумина од нас, одвреме навреме си го поставуваме прашањето: Што направив, до каде стигнав и што оставам за идните генерации?

На 16 мај 1997 година, на 64-годишна возраст, помина проф. д-р Ристо Рафајловски.

Нашиот драг и почитуван колега, кој сега веќе не е меѓу нас, направи многу, стигна далеку и кај колегите и студентите остави спомен на пожртвуван професионалец, неуморен поборник за доследност во работата и добар и чесен пријател.

Проф. д-р Ристо Рафајловски е роден на 16 април 1933 г. Во 1952 година завршил средно забарско училиште. Стоматолошките студии ги завршил во 1964 година, по што се вработил на Клиниката за дентална патологија и терапија, на Стоматолошкиот отсек при Медицински факултет во Скопје. Во 1967 година бил избран за асистент по истиот предмет. Со звањето специјалист по болести на устата и забите се здобил во 1972 година. По одбраната на хабилитациониот труд под наслов "*Горни и долни моларни заби: локализација и проодност на нивните канали и foramen apicale*", во 1978, две години подоцна бил избран за доцент на предметот дентална патологија и терапија, а во 1983 за вонреден професор. Во 1990 година бил избран за редовен професор.

Професор Рафајловски, како шеф на Отсекот за претклиничка настава по предметот дентална патологија и терапија и како искусен и ценет терапевт, со своето долгогодишно и богато клиничко и наставно искуство, секогаш инсистирајќи на крајна доследност во професијата, остана запаметен и меѓу колегите и меѓу студентите како "неумоливиот Циле". Неговата мануелна умешност и најкомплицираните ендодонтски зафати ги правеше многу едноставни и рутински преминливи. Во секојдневната казуистика, секогаш користеше дијагностички и терапевтски методи што се научно фундирани. Крајно дидактичен и разбирлив, тој со голем самопрегор ги учеше и вопситуваше студентите, а во недостиг на нагледни средства во практичната настава, за да ја приближи материјата до студентите, ги изработуваше сам. Беше ментор на бројни специјализанти и магистранди по дентална патологија и терапија и неуморно ја координираше работата на младите кадри со афинитет кон научноистражувачката дејност.

На полето на научното истражување се докажа уште како клинички лекар. Во истражувањата користеше современи методи и неговиот заклучок беше секогаш критички. Негови омилени теми беа флуорот во превентивната стоматологија и анатомо-топографските карактеристики на коренските канали и пулпата. Резултатите од неговите истражувања секогаш беа со интерес следени, како од македонската стоматолошка јавност така и од таа во бишите југословенски простори. Од тие истражувања, освен хабилитациониот труд, произлегле и 39 стручно-научни трудови, објавени во стручни спиаснија и зборници од разни стоматолошки манифестации.

"Денталец" за пример, ретко посветен и предан на семејството, колега на кого секогаш можевме да се потпреме, им недостасува на сите: на сопственото семејство, на многу пациенти, пријатели и колеги.

Нека му е вечна слава!

***Од Редакцискиот одбор***

***ПЕРСОНАЛИЈА***

## ПРОФ. Д-Р ИГНТИЕ БОГДАНОВСКИ
## ја доби годинашнава награда "11.Октомври"







Зад професор д-р Игнатие Богдановски стои, речиси, 40-годишен богат стручен, педагошки, научен и општествен развиток. Неговата работа секогаш била највисоко вреднувана во текот на целиот негов развој како стоматолог-протетичар, како вонреден организатор. Со чусвтво за актуелното современие во светот, тој воведувал новини и промени во матичната организација, од што произлегуваат битни унапредувања во нејзиниот развој, како на организационен план, така и на стручно-научен.

На 5 октомври 1998 год., на предлог на Одборот за доделување на наградата "11 Октомври" при Министерството за култура на Р. Македонија, претседателот на Одборот, д-р Славчо Бахчеванџиев, му ја врачи наградата за 1998 г. на проф. д-р Игнатие Богдановски.

Во образложението за наградувањето Одборот наведува дека професор Богдановски е модерен стоматолог, со посебен сензибилитет во оспособувањето на помладите лекари, на специјализанти, магистранди, воведувач на нови методи во клиничката практика и, посебно, во естетско-функционалната реконструкција на тоталната беззабост. Личност на изградбата на Стоматолошката клиника, не само како модерна институција но и како современ клинички центар.

Не можеме да го сокриеме нашето задоволство што во нашата средина работи и твори личност која за постигнатите резултати го доби ова високо признание на Република Македонија. Му честитаме.

***Проф. д-р Ерол Шабанов***

***ШЕЕСЕТГОДИШНИЦИ***

# ПРОФ. Д-Р ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ



Во декември 1998 год. професор д-р Игнатие Богдановски го славеше својот шеесетгодишен животен и работен јубилеј и официјално стана нај-возрасен и најискусен меѓу лекарскиот колегиум на Стоматолошкиот клинички центар.

Проф д-р Игнатие Богдановски е роден на 14. декември 1938 г. во с. Радибуш, Крива Паланка. Средно образование завршил во Училиштето за забари и забни техничари во Скопје, во 1957 г., и истата година се вработил како стручен наставник во истото Училиште. Во 1959 г. ги започнал студиите по стоматологија на Стоматолошкиот оддел при Медицински-от факултет во Скопје а ги завршил во 1963 г. Истата година повторно се вработил, сега како наставник, во Училиштетото за забари и забни тех-ничари каде, во 1965 г., бил избран за негов директор.

На Клиниката за стоматолошка протетика се вработил во 1968 година. Во 1969 година бил избран, а во 1974 г. и реизбран за асистент по предметот дентална протетика. Со звањето специјалист по стоматолошка протетика со ортодонција се здобил во 1971 г. Во периодот од 1973 до денес, проф. д-р Игнатие Богдановски има реализирано повеќе стручни и семинарски престои во повеќе европски едукативни центри, како Белград, Љубљана, Загреб, Келн и Диселдорф, Шаан и Биберах.

Во 1977 г. хабилитирал на тема "*Корекција на вертикалната димензија по емпириското одредување на висината на загризот и централната оклузија кај пациенти со тотална беззабост*". Во 1978 г. бил избран за доцент по предметот клиничка протетика. Истата година бил избран за директор на ООЗТ Стоматолошки клиники. Проф. д-р Игнатие Богдановски своето научно издигнување го збогатил и со дисертациониот труд на тема "*Прилог ка проучавању ефикасности примене томографије код одређивања интервиличне релације у току израде тоталних зубних протеза*", што го одбранил на Универзитетот во Сараево, во 1989 г.

Во 1984 г. бил избран за вонреден професор по предметот мобилна стоматолошка протетика, а во 1989 г. за редовен професор; во 1996 г. бил реизбран по истиот предмет.

Стручната активност на проф. д-р Игнатие Богдановски бележи успеси уште на почетокот на неговата работна кариера - тоа се годините кога се вработил како стручен наставник, а по завршувањето на студиите, и како наставник во Училиштето за забари и забни техничари во Скопје. По вработувањето во ООЗТ Стоматолошки клиники таа бележи нагорен развој. Искуствата стекнати при стручните престои и сознанијата од литературата перманентно ги вградувал во секојдневната клиничка практика, воведувајќи нови методи, техники и технологии. Негов стручен предизвик е естетско-функционалната реконструкција кај тоталната беззабост.

Наставно-научната дејност и своето богато искуство од доменот на стоматолошката протетика проф. д-р Игнатие Богдановски успешно ги користи во изведувањето на теоретската и практичната настава со студентите по стоматологија, како и во едукацијата на специјализантите и магистрандите.

Неговиот настап е на високо педагошко ниво. Неговиот пристап кон наставните содржини е критички, стручно-научен, при што користи најнови нагледни средства и учебни помагала. Неговиот авторитет и непосредниот однос придонесуваат тој да биде консултиран за разрешување на едукативни и професионални дилеми од студентите и колегите. Ментор бил на повеќе студентски теми, магистранди, специјализанти и докторанди. Бил рецензент на седум едиции од областа на стоматологијата на македонски автори. Професор Богдановски има изведено, како носител, два научни проекта, а бил учесник и во други четири. Како следбеник на современата стоматолошка протетика, автор и коавтор е на 156 стручно-научни трудови, печатени во стручни списанија, зборници од конгреси и симпозиуми. Учествувал со свои предавања на конгреси, симпозиуми и собири на стоматолозите во земјава и во странство.

Општествената активност на професор Богдановски не води уште во раните школски денови, а тоа се неговите учества во бројни општествено-политички организации и тела, самоуправни и раководни органи на повеќе институции, спортски и други организации и здруженија. Меѓу другото, бил член на Комисијата за реорганизација на СКМ, член на Универзитетскиот комитет на СКМ, член на Општинската конференција на СКМ на Општина "Идадија", секратар на ОО СКМ на Стоматолошкиот оддел при Медицинскиот факултет, секратар на Извршниот одбор на Сојузот на синдикатите на Болничката конференција.

Во еден четиригодишен мандат проф. д-р Игнатие Богдановски бил пратеник во Собранието на Република Македонија, претстедател на Комисијата за здравство при Собранието на Република Македонија, член на Сенатот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј".

Како претседател на Стоматолошката секција и на Секцијата за стоматолошка протетика има организирано бројни собири на стоматолозите од Македонија, придонесувајќи во вкупниот развој на стоматологијата во Републиката. Проф. Богдановски беше иницијатор за прераснување на Стоматолшката секција во Здружение на стоматолозите од Македонија и за формирање на Стоматолошката комора.

Како прв претседател на Здружението на стоматолозите, редовно ги организира традиционалните стоматолошки собири, го втемели годишниот симпозиум "Трансфер на науката" предвиден за доедукација на стоматологот практичар. Проф. Богдановски ги организира I-от и II-от конгрес на стоматолозите од Македонија со меѓународно учество.

Од 1978 до крајот на 1998 год. беше директор на Стоматолошки клиники. За тоа време со своите организациони способности, со инвентивноста, ентузијазмот и самопрегорот, Клиниките достигнуваа највисок раст и развој, како по бројот на вработените и опременоста така и со воведувањето нови современи техники и технологии. Со тоа Стоматолошкиот клинички центар, според некои светски критериуми, може да се вброи меѓу врвните такви институции во Европа.

За вкупната активност - општествена, стручна и наставно-научна, проф. д-р Игнатие Богдановски е добитник на повеќе признанија и одликувања: Орден заслуги за народ со сребрени зраци, Орден на трудот со сребрен венец, повелба "Д-р Трифун Пановски" на Македонското лекарско друштво за исклучителни резултати во унапредувањето на медицинската наука и практика и за развојот на здравствената заштита, плакета на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" по повод 40-годишнината, плакета на Стоматолошкиот факултет во Скопје по повод 30-годишнината од формирањето, плакета за значаен придонес во остварувањето на целите и задачите на Македонското лекарско друштво, признание по повод 50-годишниот јубилеј на Македонското лекарско друштво за придонес даден во афирмацијата на задачите и целите на Македонското лекарско друштво, плакета и признание на Здружението на стоматолозите на Југо-славија за труд и вонредно залагање во развојот на стоматолошката струка, наука и дејност и други дипломи и благодарници.

Зад проф. д-р Игнатие Богдановски стои 37-годишен богат стручен, научен педагошки и општествен развиток. Заедно со неговите бројни студенти, соработници, колеги, пријатели и сите вработени, најсрдечно го поздравуваме и му го честитаме јубилејот со желби за добро здравје, со најдобрата честитка: *ЗА МНОГУ ГОДИНИ, ЗА МНОГАЈА ЛЕТА, AD MULTOS ANNOS.*

***Проф. д-р Ефтим Мирчев***

## ПРОФ. Д-Р ЈУГОСЛАВ СТЕФАНОВСКИ

По повод 60-тиот роденден на професор д-р Југослав Стефановски, Редакцискиот совет на списанието "Македонски стоматолошки преглед" сака, на пошироката стоматолошка јавност, да и презентира ретроспектива на неговиот работен век, а наедно и му го честита овој јубилеј.

Проф. д-р Југослав Стефановски е роден во 1938 година во Скопје, каде што завршил основно и средно образование. Во 1958 година се запишал на Стоматолошкиот факултет во Белград. По завршувањето на првата година, а по отворањето на Стоматолошкиот оддел на Медицинскиот факултет во Скопје, се префрлил тука и дипломирал во 1964 година. Како студент учествувал на студентскиот конгрес по медицина и стоматологија во Сараево во 1962 година, каде што ја добил втората награда.

По дипломирањето работел како наставник во Средното училиште за забари и забни техничари, а потоа во Специјалистичката поликлиника Букурешт во Скопје.

Во 1969 година бил избран за асистент по предметот орална хирургија, а наедно и се вработил на истата Клиника. Во истото звање бил реизбран во 1972, 1976 и 1981 година. Во 1973 година го положил специјалистичкиот испит по специјалноста орална хирургија и на тој начин се здобил со звањето специјалист орален хирург.

Во 1980 година го одбранил хабилитациониот труд, а во 1981 година бил избран за доцент на предметот орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје.

Во 1990 година бил избран за вонреден професор, а во 1995 година за редовен професор, во кое звање се наоѓа и сега, кога слави шеесет години од својот живот.

Во 1985 година бил избран за шеф на Катедрата и управник на Клиниката за орална хирургија при Стоматолошкиот факултет во Скопје. Д-р Југослав Стефановски, како асистент, бил на стручно усовршување во Љубљана и Берлин, каде имал можност да ги збогати и прошири своите познавања од областа на оралната хирургија.

Проф. д-р Југослав Стефановски има долгогодишна стручно-наставна активност. Учествува во едукацијата на студентите, држејќи теоретска и практична настава во V и VI година од студиите на Стоматолошкиот факултет во Скопје. Повеќе пати бил ментор на студентски теми, а учествувал и на голем број симпозиуми и конгреси во земјата и во странство.

Проф. д-р Стефановски дал значаен придонес во едукацијата и формирањето на поголем број специјалисти по орална хирургија во нашата земја. Бил претседател на Републичката секција за орална хирургија при Македонското лекарско друштво, а е автор и коавтор на 56 стручни трудови.

За својата долгогодишна работа награден е со плакета на Стоматолошкиот факултет по повод 30 години од неговото формирање и постоењe, како и со плакета од Македонското лекарско друштво.

Придружувајќи се кон честитките за неговиот јубилеен роденден, му посакуваме на проф. д-р Југослав Стефановски уште поголема ангажираност и креативност во нашата средина, до крајот на неговиот работен век.

***Проф. д-р Јордан Јанев***

## СЕ ЗДОБИЈА СО ЗВАЊЕТО ДОКТОР ПО СТОМАТОЛОШКИ НАУКИ во 1998 година

- Ас. д-р **Мери БЕЌИРОВИЌ**: Реминерализирачки потенцијал на плунката и дентален морбдитет кај млади трајни заби. (20. 01. 1998), *ментор: проф. д-р сци. Миле Царчев*, област: детска и превентивна стоматологија.
- Ас. д-р **Владимир ПОПОВСКИ**: Хируршка верификација на дијагностиката при паротидните тумори. (22. 04. 1998), *ментор: проф. д-р сци. Томе Туџаров*, област: максилофацијална хирургија.
- Ас. д-р **Билјана КАПУШЕВСКА**: Функционална вредност на забите носачи на фикснопротетичките конструкции. (17. 06. 1998), *ментор: проф. д-р сци. Ефтим Мирчев*, област: стоматолошка протетика.

## СЕ ЗДОБИ СО ЗВАЊЕТО МАГИСТЕР ПО СТОМАТОЛОШКИ НАУКИ во 1998 година

- Д-р **Никола ГИГОВСКИ**: Иследување *in vitro* на дебелината на цементниот слој по цементирањето артифициелни забни коронки со цинк-фосфатен цемент Cegal и глас-јономер Meron. (18. 05. 1998), *ментор: проф. д-р сци. Ерол Шабанов*, област: протетика.

## СЕ ЗДОБИЈА СО ЗВАЊЕТО СПЕЦИЈАЛИСТ во 1998 година

### *ДЕТСКА И ПРЕВЕНТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА*

- Д-р Виолета НОНКУЛОВСКА, Ресен, 21.12.1998
- Д-р Валентина БИКОВСКА, Ресен, 22. 12.1998

### *ОРТОДОНЦИЈА*

- Д-р Ленка ТОДОРОВСКА, Виница, 16.06.1998
- Д-р Наташа ТОШЕВСКА, Скопје, 24.12.1998
- Д-р Билјана БОГДАНОВСКА, Скопје, 30.12.1998

### *ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА и ТЕРАПИЈА*

- Д-р Василка РЕНЏОВА, Скопје, 1.07.1998
- Д-р Илијана АЏИСАНКОВА, Скопје, 18.11.1998
- Д-р Димитрула ХАЏИ НИКОЛОВА, Скопје, 23.12.1998

### *СТОМАТОЛОШКА ПРОТЕТИКА*

- Д-р Душан АТАНАСОВ, Делчево, 9.12.1998
- Д-р Сашо БОГДАНОВСКИ, Скопје, 22.12.1998
- Д-р Игор СТОЕВ, Скопје, 24.12.1998
- Д-р Зоран ИЛИЕВСКИ, Скопје, 26.03.1998
- Д-р Милисав СОТИРОВИЌ, Скопје, 29.12.1998

### *ОРАЛНА ХИРУРГИЈА*

- Д-р Владимир ФИЛИПОВСКИ, Скопје, 14.01.1998
- Д-р Никола ЏИДРОВ, Штип, 20.11.1998
- Д-р Љупчо МАРОКОВ, Штип, 27.12.1998
- Д-р Андрејчо ГРНЧАРОВСКИ, Скопје, 30.12.1998

### *БОЛЕСТИ НА УСТАТА И ПАРОДОНТОТ*

- Д-р Вера РАДОЈКОВА НИКОЛОВА, Скопје, 15.01.1998
- Д-р Никола АНГЕЛОВ, Скопје, 15.12.1998
- Д-р Анета АТАНАСОВА, Скопје, 28.12.1998

### *МАКСИЛОФАЦИЈАЛНА ХИРУРГИЈА*

- Д-р Антонио КИРКОВ, Скопје,19.06.1998

# ДИПЛОМИРАА НА СТОМАТОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ 1.I 1998 - 31. XII 1998

СЕЈФУЛЗИ Исен Хаќим (с. Пирол) 19. 01.1998; МИТЕВСКА Борис Соња (Скопје) 26.01.1998; ДИМИТРОВСКА Радован Ирена (Скопје) 29. 01.1998; БОГАТИНОВ Благоја Игор (Скопје) 29.01.1998; ХАЈДАРИ Хасан Халед (Скопје) 30.01.1998; ТОДОРОВСКИ Милорад Ѓорѓи (Скопје) 30. 01. 1998; РАДОЈЧИЌ Миладин Виолета (Скопје) 30. 01. 1998; ПОПОВСКИ Жиљко Мирјана (Битола) 11.02. 1998; ВИДИНЧЕВА Пане Ирена (Скопје) 23. 02. 1998; ЦЕЛАКОСКИ Петар Зоран (Скопје) 27. 02. 1998; КОСТОВ Блажо Александар (Скопје) 3. 03. 1998; АЛ-ХАШЕЈКЕ Кхалил Ахмед (Талуза, Јордан) 20. 03. 1998; АНЃЕЛОВСКИ Павле Методи (Делчево) 27. 03. 1998; ВЕЛИЧКОВСКА Бориков Татијана (Скопје) 27. 03. 1998; ВЕЛО Алибар Трумб (Тетово) 30. 03. 1998; КРСТЕВСКА Димитрија Душица (Куманово) 31. 03. 1998; АТАНАСОСКА Димитар Адријана (Скопје) 1. 04. 1998; ДАЛИПИ Далип Руфат (с. Вруток) 2.04.1998: ИЛИЌ Владимир Меланија (Скопје) 3.04.1998; ПОПОВСКА Коле Маја (Битола) 3. 04. 1998; АНГЕЛЕСКА Емил Алина (Скопје) 6.04.1998; ГРАМАТКОВСКИ Борис Крсте (Битола) 10.04.1998; СТОЈАНОВСКИ Атанас Јордан (Прилеп) 16. 04. 1998; НИКОЛОВСКА Никодин Весна (Скопје) 28. 04. 1998; ГАЛЕВ Тодор Ставре (Кавадарци) 29.04.1998; МАКАРИЕВСКА Велјан Надица (Битола) 30. 04. 1998; БАБУШКОВ Констатин Калин (Безел, Швајцарија) 30. 04. 1998; СТЕВАНОВИЌ Предраг Дејан (Скопје) 26.05.1998; БУЦЕВСКИ Илија Благоја (Скопје) 28. 05. 1998; АНЃЕЛКОВСКА Богољуб Маргарита (Тетово) 29. 05. 1998; ХАЛИЛИ Јохја Нихот (Тетово) 29. 05. 1998; ТОШЕВА Ангел Благица (Струмица) 1.06.1998; ЈАНЕВ Томислав Дејан (Скопје) 30. 06. 1998; РАНГЕЛОВА Петар Јасна (Скопје) 30. 06. 1998; ДОЈЧИНОСКИ Иван Антонијо (Охрид) 29.06.1998; САМИР МАХМЕУД АХМЕД Ал Хај Махмоуд (Беит Емрин, Јордан) 1.07.1998; ЈАНЧЕВА Александар Елизабета (Скопје) 6. 07. 1998; ДИМОСКА Живко Весна 6.07.1998; МАХМАЛАТ Мохамед Нихед Маан (Алеп-Сирија) 6. 07. 1998; САМИР Кхалил Мусбах Ал-Ночех (Јерусалим-Јордан) 10.06.1998; ПЕТРЕСКА Благоја Марина (Скопје) 8. 07. 1998; ЌЕНАН Зурат Ферати (с. Дебриште) 14. 07.1998; ПАВЛОВСКА Живан Наташа (Гевгелија) 14. 07. 1998; БУКЛЕСКА Христо Александра (Скопје) 15. 07.1998; ПЕПИЌ Селим Санела (Скопје) 24. 07. 1998; СТЕФКОВ Атанас Ѓорѓи (Струмица) 29. 09.1998; СТОЈАНОВИЌ Бранислав Предраг (Скопје) 21. 10. 1998; ЦВЕТАНОВСКА Илија Катерина (Прилеп) 27. 10. 1998; МЕНЧЕВА Митре Жаклина (Скопје) 27. 10. 1998; ДОНЕВА Стојан Тања (Кавадарци) 28. 10.1998; ТРАЈКОВСКИ Витомир Никола (Скопје) 30. 10. 1998; ЏУМКОР Абдулхари Ариф (Струга) 30. 10.1998; МАКСИМОВА Трајан Татјана (Штип) 2. 11.1998; ГЕШТАКОВСКИ Димитар Дејан 2. 11. 1998; СИМОНОВСКА Љубе Сашка (Скопје) 9. 11. 1998; ТРПЕВСКИ Васо Сашо (Скопје) 17. 11. 1998; ДОСТИНОВА Христо Хани (Струмица) 19. 11. 1998; ЧИНГОРОВСКА Ристо Елица (Ресен) 19. 11. 1998; БАЈРАКТАРОВА Драган Емилија (Скопје) 23. 11. 1998; ТЕПИЌ Миливоје Милена (Куманово) 23. 11. 1998; СОЗОВСКА Симеон Елена (Скопје) 24.11. 1998; ТАСЕСКА Тодор Елена 25. 11. 1998; ТОДОРОВ Панде Тома (Струмица) 26. 11. 1998; МАРКОВСКА Мирче Мирјана (Скопје) 26. 11. 1998; ПЕШЕВСКА Стојадин Даниела (Скопје) 26.11.1998; НАУМОВСКА Здравко Елизабета (Скопје) 26. 11. 1998; МАРТИНОВСКА Владо Бети (Тетово) 27. 11. 1998; ИЛИЕВ Тодор Александар (Скопје) 30. 11. 1998; КАНЕВЧЕ Драги Сашо (Охрид) 30 11. 1998; ЦВЕЈОВСКА Благоја Гордана (Прилеп) 30.11.1998; ВЕЛИЧКОВСКИ Милорад Александар (Куманово) 22. 12. 1998; РОГЛЕВ Петре Ванчо (Кавадарци) 22 12. 1998; ЏАЈКОВСКА Митре Билјана (Прилеп) 22. 12. 1998; АБАЗИ Куртиш Исмаил (с. Колибари) 22. 12. 1998; ЈОВАНОВСКИ Стево Дафина (Гостивар) 24. 12.1998; АРСОВСКА Благоја Габриела (Скопје) 25.12.1998; ПОПОВСКИ Александар Ѓорѓи (Прилеп) 28. 12. 1998; ФЕЈЗУЛИ Мавит Ерол (Тетово) 28.12.1998; КОЛЕВСКИ Славе Горанчо (Крива Паланка) 28. 12. 1998; КАРАМАНОВ Панче Илија (Струмица) 28. 12. 1998; МАНЕВ Васил Иван (Скопје) 28. 12. 1998; ТИЛОВСКА Никола Драгица (Кочани) 28. 12. 1998; АРСОВСКИ Стоил Зоран (Скопје) 28. 12. 1998; РАФАЈЛОВСКИ Виктор Дејан (Скопје) 28. 12. 1998.

*ИЗВЕШТАЈ ОД КОНГРЕС*

# II КОНГРЕС НА СТОМАТОЛОЗИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА
## со меѓународно учество
## Охрид, 24-28 јуни 1998

Во организација на Здружението на стоматолозите од Македонија, во Охрид, од 24 до 28 јуни 1998 година, под мотото *ДА ИМ СЕ ПОСВЕТИМЕ НА ПАЦИЕНТИТЕ И НА ПРОФЕСИЈАТА*, се одржа II-от конгрес на стоматолозите од Македонија. Покровител на Конгресот беше претседателот на Собранието на Република Македонија Тито Петковски.

На Когресот присуствуваа 320 стоматолози од земјава и 15 од странство. Конгресната програма беше организирана преку: главна тема, пленарни предавања (10), усни презентации (47) и постер-презентации (158), а беше одржан и едукативен семинар за новиот Lek-ов smart ресталвративен материјал и за естетиката во современата стоматолошка протетика.

Конгресот го отвори претседателот на Конгресниот одбор проф. д-р Игнатие Богдановски и учесниците ги поздравија покровителот и другите официјални гости.

Главна тема на Конгресот беше "Нови можности за превенција, дијагностика и терапија во стоматологијата".

Во предавањето беше укажано на важноста да се усвои соодветна научно-стручна и единствена методологија за планирана превенција, дијагностика и терапија на заболувањата во орофацијалната регија, а врз основа на епидемиолошки податоци, национални и тие за кои се соопштува во светската стручна литература. Што се однесува до преземањето **превентивни мерки** за зачувување на оралното здравје, беше апострофирана важноста да се достигне идеалот на медицината, односно да се спречи појавата на орофацијалните заболувања, давајќи подеднакво место на важноста на превентивата на тврдите забни супстанции, на забнопотпорниот апарат, на превентивата во ортодонцијата, вклучувајќи ги сите видови санациони мерки како превенција за натамошни, подалекусежни нарушувања.

Во главната тема, покрај другите стандардни **дијагностички методи**, на рендген-дијагностиката и се даде нејзиното место на клучен и дефинитивен метод за дијагноза на афекциите на тврдите забни супстанции и коскено-ткивните структури. Тука беше нагласена предноста на Sidexis-методот, кој, освен прецизност, нуди и редукција на озрачувањето на пациентот, во споредба со конвенционалните методи.

Како **современ тераписки модалитет**, беше нагласена предноста на тврдиот ласер во третманот на тврдите забни супстанции - за безболна елиминација на кариозните маси, а во ендодонцијата за механичка обработка на коренските канали. На мекиот ласер, со неговиот биостимулирачки ефект, му беше дадено место на адјувантно терапевтско средство при заболувањата на меките ткива и за забрзување на процесот на епителизација и регенерација. Беше потенцирано неговото аналгетичко и антиинфламаторно дејство, како во третманот на пародонтопатиите и на други орални патози така и по оралнохируршки интервенции.

Напредокот на реставративната стоматологија беше проследен преку приказ на предностите и искуствата со разни нови откритија во светот на биотехнологијата: глас-јономер цементите, компомерите, современите атхезиви, компјутеризираната изработка на порцелански инлеи, онлеи и фасети, IPS Empress технологијата и Targis-Vectris системот.

Во подготвката на предавањето за главната тема учествуваа: Игнатие Богдановски, Марија Накова, Јордан Јанев, Мила Мирчева, Ерол Шабанов, Мирослава Стевановиќ и Тодор Бојаџиев.

Во рамките на конгресните денови беа организирани и две изложби: на едната беа прикажани дентални материјали, инструментариум и стоматолошка опрема, при што реномирани излагачи, производители покажаа што има ново на пазарот за стоматолозите, а на другата - беше прикажан дел од ликовните остварувања на Ева Урдин, член на Друштвото на ликовните уметници од Македонија.

Во колегијално расположение и со чувство на одговорност кон професијата, на 28 јуни 1998 година учесниците на Конгресот присуствуваа на неговото затворање, во надеж дека по четири години пак ќе се сретнат.

***Од Редакцискиот одбор***